РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 0201-773/20
28.02.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**ЗАПИСНИК**
**од 6-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 19.02.2024 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба преку видео конференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, м-р Магдалена Давидовска Довлева, Горан Радуновиќ, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 6-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Г-дин Петрушевски информира дека Точката бр.2 содржи 12 предлози за покренување на постапка за одземање на дозволата за телевизиско и радио емитување на радиодифузери. Објасни дека ТРД ТВ ЕРА ДООЕЛ Скопје го платила надоместокот и таа точка ќе се повлече од дневниот ред, но на нејзино место ќе се додаде предлогот за ТРД РАДИО УСКАНА-ПЛУС увоз-извоз ДООЕЛ Кичево бидејќи не го платил годишниот надоместок за дозволата, за кој што е и доставен материјал до членовите на Советот.

Советот на Агенцијата едногласно, со 6 гласа „за", го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Предлог-записник од 5-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 07.02.2024 година.

2. Предлози за покренување на постапки за одземање на дозволата за ТВ и радио емитување на радиодифузери.
3. Предлог за изрекување мерка на операторот Мултимедија Нетворк од Гостивар за прекршување на член 141 од ЗААВМУ.
4. Предлог за изрекување мерка на операторот Теленет Ком од Тетово за прекршување на член 141 од ЗААВМУ.
5. Предлог за изрекување мерка на операторот Инфел-КТВ од Охрид за прекршување на член 141 од ЗААВМУ.
6. Предлог-одлука за мирување на работен однос на вработен во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
7. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – услуга: Систематски прегледи.
8. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – услуга: Превентивно и адаптивно одржување на интегриран софтвер за правно, финансиско и економско работење
9. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои предложениот Записник од 5-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 07.02.2024 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Петрушевски во врска со 12-те предлози за покренување на постапки за одземање на дозволата за ТВ и радио емитување на радиодифузери, предложи да се даде еден заеднички вовед и дискусија, а гласањето да биде поединечно за секој наведен предлог.

Советот немаше против.

Г-дин Трајчевски објасни дека сите наведени радиодифузери не го платија годишниот надоместок во законски определениот рок. Едниот од нив Трговското радиодифузно друштво РАДИО АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ Илија Таневски Кичево ДООЕЛ, го имаше платено надоместокот меѓутоа како физичко лице, и бидејќи Законот е изменет средствата му се вратени и ќе мора да ги плати повторно но од сметката на радиодифузерот. Од таа причина се предлага да се започнат постапки за одземање на дозволата.

Г-дин Петрушевски предложи Службата по завршување на седницата навремено да ги извести радиодифузерите за рокот до кога треба најдоцна да ги уплатат средствата за да не задоцнат и за да потоа не им се одземе дозволата.

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радио дифузно друштво ТВ-ЕДО ДООЕЛ с.Љубин, Сарај, Уп1 бр.08-14 од 07.09.2023 година, поради неисполнување на обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги според доставената ф-ра бр.2024-100-0008 од 11.01.2024 година.

Доколку горенаведениот радиодифузер не го плати годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување, Советот на Агенцијата во рок од 15 дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радио дифузно друштво ТВ-ЕДО ДООЕЛ с.Љубин, Сарај, Уп1 бр.08-14 од 07.09.2023 година, поради прекршување на член 80 став 5 од ЗАВМУ.

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското друштво за радиодифузија РАДИО УСКАНА-ПЛУС увоз-извоз ДООЕЛ Кичево, Уп1 бр.08-105 од 07.09.2023 година, поради неисполнување на обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за радио емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги според доставената ф-ра бр.2024-100-0058 од 11.01.2024 година.

Доколку горенаведениот радиодифузер не го плати годишниот надоместок за дозволата за радио емитување, Советот на Агенцијата во рок од 15 дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското друштво за радиодифузија РАДИО УСКАНА-ПЛУС увоз-извоз ДООЕЛ Кичево, Уп1 бр.08-105 од 07.09.2023 година, поради прекршување на член 80 став 5 од ЗАВМУ.

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското друштво за радио-дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, Уп1 бр.08-18 од 07.09.2023 година, поради неисполнување на обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги според доставената ф-ра бр.2024-100-0011 од 11.01.2024 година.

Доколку горенаведениот радиодифузер не го плати годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување, Советот на Агенцијата во рок од 15 дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското друштво за радио-дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, Уп1 бр.08-18 од 07.09.2023 година, поради прекршување на член 80 став 5 од ЗАВМУ.

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КОЧАНИ-ЛД ДООЕЛ Кочани, Уп1 бр.08-44 од 07.09.2023 година, поради неисполнување на обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување

на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги според доставената ф-ра бр.2024-100-0014 од 11.01.2024 година.

Доколку горенаведениот радиодифузер не го плати годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување, Советот на Агенцијата во рок од 15 дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на на Трговското радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КОЧАНИ-ЛД ДООЕЛ Кочани, Уп1 бр.08-44 од 07.09.2023 година, поради прекршување на член 80 став 5 од ЗАВМУ.

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво Т.В. КАЛТРИНА Мазар Татеши, Струга ДООЕЛ, Уп1 бр.08-55 од 07.09.2023 година, поради неисполнување на обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги според доставената ф-ра бр.2024-100-0018 од 11.01.2024 година.

Доколку горенаведениот радиодифузер не го плати годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување, Советот на Агенцијата во рок од 15 дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво Т. В. КАЛТРИНА Мазар Татеши, Струга ДООЕЛ, Уп1 бр.08-55 од 07.09.2023 година, поради прекршување на член 80 став 5 од ЗАВМУ.

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје, Уп1 бр.08-75 од 07.09.2023 година, поради неисполнување на обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за радио емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги според доставената ф-ра бр.2024-100-0035 од 11.01.2024 година.

Доколку горенаведениот радиодифузер не го плати годишниот надоместок за дозволата за радио емитување, Советот на Агенцијата во рок од 15 дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје, Уп1 бр.08-75 од 07.09.2023 година, поради прекршување на член 80 став 5 од ЗАВМУ.

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ХИТ ФМ ДООЕЛ Скопје, Уп1 бр.08-78 од 07.09.2023 година, поради неисполнување на обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за радио емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги според доставената ф-ра бр.2024-100-0038 од 11.01.2024 година.

Доколку горенаведениот радиодифузер не го плати годишниот надоместок за дозволата за радио емитување, Советот на Агенцијата во рок од 15 дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно

друштво РАДИО ХИТ ФМ ДООЕЛ Скопје, Уп1 бр.08-78 од 07.09.2023 година, поради прекршување на член 80 став 5 од ЗАВМУ.

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ВАЛАНДОВО ДОО Валандово, Уп1 бр.08-90 од 07.09.2023 година, поради неисполнување на обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за радио емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги според доставената ф-ра бр.2024-100-0046 од 11.01.2024 година.

Доколку горенаведениот радиодифузер не го плати годишниот надоместок за дозволата за радио емитување, Советот на Агенцијата во рок од 15 дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ВАЛАНДОВО ДОО Валандово, Уп1 бр.08-90 од 07.09.2023 година, поради прекршување на член 80 став 5 од ЗАВМУ.

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво ГАЛАКСИ – 2002 ДООЕЛ Кавадарци, Уп1 бр.08-100 од 07.09.2023 година, поради неисполнување на обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за радио емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги според доставената ф-ра бр.2024-100-0053 од 11.01.2024 година.

Доколку горенаведениот радиодифузер не го плати годишниот надоместок за дозволата за радио емитување, Советот на Агенцијата во рок од 15 дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво ГАЛАКСИ – 2002 ДООЕЛ Кавадарци, Уп1 бр.08-100 од 07.09.2023 година, поради прекршување на член 80 став 5 од ЗАВМУ.

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво РАДИО АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ Илија Таневски Кичево ДООЕЛ, Уп1 бр.08-102 од 07.09.2023 година, поради неисполнување на обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за радио емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги според доставената ф-ра бр.2024-100-0055 од 11.01.2024 година.

Доколку горенаведениот радиодифузер не го плати годишниот надоместок за дозволата за радио емитување, Советот на Агенцијата во рок од 15 дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво РАДИО АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ Илија Таневски Кичево ДООЕЛ, Уп1 бр.08-102 од 07.09.2023 година, поради прекршување на член 80 став 5 од ЗАВМУ.

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво ХИТ РАДИО ДООЕЛ Струмица, Уп1 бр.08-128 од 07.09.2023 година, поради неисполнување на обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не

го платил годишниот надоместок за дозволата за радио емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги според доставената Ф-ра бр.2024-100-0071 од 11.01.2024 година.

Доколку горенаведениот радиодифузер не го плати годишниот надоместок за дозволата за радио емитување, Советот на Агенцијата во рок од 15 дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво ХИТ РАДИО ДООЕЛ Струмица, Уп1 бр.08-128 од 07.09.2023 година, поради прекршување на член 80 став 5 од ЗАВМУ.

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво РАДИО РЕД ФМ ДООЕЛ Тетово, Уп1 бр.08-133 од 07.09.2023 година, поради неисполнување на обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за радио емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги според доставената ф-ра бр.2024-100-0076 од 11.01.2024 година.

Доколку горенаведениот радиодифузер не го плати годишниот надоместок за дозволата за радио емитување, Советот на Агенцијата во рок од 15 дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво РАДИО РЕД ФМ ДООЕЛ Тетово, Уп1 бр.08-133 од 07.09.2023 година, поради прекршување на член 80 став 5 од ЗАВМУ.

**Точки 3, 4 и 5**

Г-дин Трајчевски објасни дека за сите три точки ќе даде заеднички вовед бидејќи станува збор за исто прекршување на член 141 од ЗААВМУ, односно кај сите три кабелски оператори констатирано е дека реемитуваат програмски сервис без регулирани авторски права, односно програмски сервис кој не е опфатен со потврдата за регистрација што ја издава Агенцијата. Кај операторите Мултимедија Нетворк од Гостивар и Теленет Ком од Тетово констатирано е дека го реемитуваат истиот програмски сервис „Eurosport 2“ додека Инфел-КТВ од Охрид го реемитуваше програмскиот сервис „Da Vinci“. За трите оператори се предлага мерка јавна опомена и да им се наложи веднаш да престанат со реемитување а потоа ќе се направи контролен надзор за да се провери дали постапиле по решението за изрекување на мерка јавна опомена.

*Гласање по Точка 3*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.1102-744/1 од 15.02.2024 година и едногласно заклучи на Друштвото за производство, трговија, угостителство, сообраќај и услуги МУЛТИМЕДИЈА НЕТВОРК Л ДООЕЛ експорт-импорт Гостивар да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 141 од ЗААВМУ и во согласност со точката 8 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање

мерка (Пречистен текст) бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година му наложи веднаш по приемот на Решението за јавна опомена да го усогласи своето работење со ЗААВМУ.

Со надзорот беше констатирано дека Друштвото за производство, трговија, угостителство, сообраќај и услуги МУЛТИМЕДИЈА НЕТВОРК Л ДООЕЛ експорт-импорт Гостивар, кој според нотификацијата од Агенцијата за електронски комуникации може да врши дејност на територијата на општина Гостивар, Врапчиште Боговиње и Кичево, на ден 13.02.2024 година за своите корисници го реемитувал програмскиот сервис „Eurosport 2“ кој не е опфатен со потврдата за регистрација на програмски сервиси издадена од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, што е спротивно на член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи да го изготви Решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот оператор.

Секторот за стратешко планирање и авторски права по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (операторот) постапил по изречената мерка.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

*Гласање по Точка 4*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.1102-742/1 од 15.02.2024 година и едногласно заклучи на Друштвото за производство, трговија и услуги ТЕЛЕНЕТ КОМ ДОО експорт-импорт Тетово да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 141 од ЗААВМУ и во согласност со точката 8 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година му наложи веднаш по приемот на Решението за јавна опомена да го усогласи своето работење со ЗААВМУ.

Со надзорот беше констатирано дека Друштвото за производство, трговија и услуги ТЕЛЕНЕТ КОМ ДОО експорт-импорт Тетово, кој според нотификацијата од Агенцијата за електронски комуникации може да врши дејност на територијата на општина Тетово, на ден 13.02.2024 година за своите корисници го реемитувал програмскиот сервис „Eurosport 2“ кој не е опфатен со потврдата за регистрација на програмски сервиси издадена од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, што е спротивно на член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи да го изготви Решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот оператор.

Секторот за стратешко планирање и авторски права по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (операторот) постапил по изречената мерка.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

*Гласање по Точка 5*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.1102-743/1 од 15.02.2024 година и едногласно заклучи на Трговското радиодифузно друштво-оператор на кабелска мрежа ИНФЕЛ-КТВ Охрид ДОО да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 141 од ЗААВМУ и во согласност со точката 8 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година му наложи веднаш по приемот на Решението за јавна опомена да го усогласи своето работење со ЗААВМУ.

Со надзорот беше констатирано дека Трговското радиодифузно друштво-оператор на кабелска мрежа ИНФЕЛ-КТВ Охрид ДОО, кој според нотификацијата од Агенцијата за електронски комуникации може да врши дејност на територијата на општина Охрид, на ден 14.02.2024 година за своите корисници го реемитувал програмскиот сервис „Da Vinci" кој не е опфатен со потврдата за регистрација на програмски сервиси издадена од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, што е спротивно на член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи да го изготви Решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот оператор.

Секторот за стратешко планирање и авторски права по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (операторот) постапил по изречената мерка.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 6**

Раководителката на Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот м-р Драгица Љубевска – шеф на кабинет, ја образложи Предлог-одлуката за мирување на работен однос на вработен во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Објасни дека вработениот побарал неплатено отсуство поради неодложни лични причини и ова отсуство започна од 2 декември 2023 година заклучно со 1 март 2024 година. Но, вработениот на 15 февруари оваа година ја извести Агенцијата по електронски пат дека нема да го продолжи работниот однос. Изборите веќе се распишани и согласно Изборен законик овој работен однос треба да се стави во мирување бидејќи како што е наведено во државни и јавни институции од распишување на избори па се до завршување, во овој случај на претседателски и парламентари избори, прекинот на работниот однос треба да се стави во мирување.

Г-дин Петрушевски се согласи со образложението и рече дека има објава и на сајтот на Агенција на администрација дека сите постапки за вработување се ставени во мирување од 15.02.2024 година и истото важи и за отказите.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за мирување на работниот однос заснован согласно Договорот за вработување на работникот во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, за период од 02.03.2024 година до

завршување на изборот на претседател на РСМ, пратеници во Собранието на РСМ и изборот на Владата на РСМ во 2024г., согласно со резултатите од изборите, распишани со Решението за распишување избор за претседател на РСМ арх.бр.09-1168/1 и Решението за распишување избори за пратеници во Собранието на РСМ арх.бр.09-1169/1, двете од 14.02.2024г. („Службен Весник на Република Македонија" бр.37/24), поради законска неможност од спроведување на постапката за престанок на работен однос, односно откажување на Договорот за вработување со анекс, по повод Изјавата на работникот за откажување на Договорот за вработување.

**Точка 7**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки Цветанка Митревска го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – услуга: Систематски прегледи. Објасни дека согласно одредбите од Законот за безбедност и здравје при работа потребно е да се спроведат систематски прегледи за вработените во Агенцијата со цел превентивно делување и зачувување на нивното здравје. Согласно проценетата вредност оваа јавна набавка ќе се спроведе како набавка од мала вредност со почитување на сите одредби кои важат за оваа постапка. Наведе дека подетални информации има во материјалите по точката.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: Систематски прегледи.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот: Систематски прегледи, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2024 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-4729/1 од 22.12.2023 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2024-та година.

**Точка 8**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки Цветанка Митревска го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – услуга: Превентивно и адаптивно одржување на интегриран софтвер за правно, финансиско и економско работење. Објасни дека оваа набавка се прави со специјализирана постапка за набавување а тоа е постапка со преговарање, без објавување оглас, за заштита на ексклузивни права, вклучувајќи ги и правата од интелектуална сопственост. Набавката се спроведува со цел да се обезбеди нормално функционирање на софтверот кој што е набавен од страна на Агенцијата во изминатиот период и ќе започне со одобрување од Бирото за јавни набавки во врска со тоа дека се исполнети условите за понатамошно спроведување на постапката со преговарање без објавување на оглас.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: Превентивно и адаптивно одржување на интегриран софтвер за правно, финансиско и економско работење.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот: Превентивно и адаптивно одржување на интегриран софтвер за правно, финансиско и економско

работење, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2024 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-4729/1 од 22.12.2023 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2024-та година.

**Точка 9**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

______________________

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**